ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
СКОПСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Врз основа на член 28 став 1 алинеа 5 и алинеа 13 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ" број 63/2007, 187/13, 43/14, 215/15, 64/18 и 24/21 ), член 7 став 1 алинеа 6 од Одлуката за основање на Центарот за развој на Скопски плански регион, член 2 став 1 и член 3 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите од јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр. 46/2016) и член 3 од Упатството за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите бр. 02-20/1 од 27.01.2022, Раководителот на Центарот за развој на Скопски плански регион, на ден 27.01.2022 година, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

## за назначување на овластено лице за прием на пријави од укажувачи доставени заради заштитено внатрешно пријавување во Центарот за развој на Скопски плански регион

1. **Регина Икономовска,** вработена во Центарот за развој на Скопски плански регион на работно место Координатор за туризам, спорт, култура и други општествени дејности, се назначува за овластено лице за прием на пријави од укажувачи доставени директно до него заради заштитено внатрешно пријавување во Центарот за развој на Скопски плански регион.
   **Овластеното лица од точка 1 на ова Решение може да се контактира на адреса ул.Димитрие Чуповски бр.13, 1000 Скопје, телефон 075/293-326 и емаил:** ukazuvaci@skopjeregion.gov.mk .

2. Овластеното лице при постапување со пријавите доставени заради заштитено внатрешно пријавување ќе се раководи од Законот за заштита на укажувачи Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор и Упатството за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоци од пријавите и обезбедување на заштитата на личните и други податоци на укажувачите.

3. За извршување на задачата – овластеното лице за прием на пријави од укажувачи досаставени заради заштитено внатрешно пријавување, Раководи лице на Центарот за развој на Скопски плански регион, ќе им обезбеди потребни услови, простор и опрема за работа согласно Правилникот за заштитено внатрешно пријавување на институциите од јавниот сектор.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави на веб страната на Центарот за развој на Скопски плански регион.

Образложение

Согласно член 2 став 1 од Правилникот за заштитено внатрешно Пријавување во институциите од јавниот сектор и член 3 став 1 од Упатството за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Упатство за правно средство:**
Против ова Решение може да се изјави приговор во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Раководителот на Центарот за развој на Скопски плански регион.

**Доставено до:**
- **Работникот;**
- **Досие;**
- **Архива на Центарот.**

Центар за развој на
Скопски плански регион,
Раководител,
Љупчо Кец Мицковски

(потпис)

Работник:

Примил на ден 27. 01 2022 година

Потпис:

Центар за развој на Скопски плански регион
Ул. Димитрије Чуповски бр.13 Стопанска комора I кат.
Тел/факс: 02/3244-033; 3244-036
емаил: contact@skopjeregion.gov.mk; www.skopjeregion.gov.mk